МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Хемодијализа-метода за лекување акутна и хронична бубрежна слабост*

*ЈЗУ Клиника за Нефрологија*

*Универзитетски Клинички Центар-Љубљана (Мај 2016)*

*Мед. Сестра ТАСЕВА ЈАГОДА*

*Јуни 2016*

# *Хронична хемодијализа*

На Клиниката за Нефрологија функционира оддел во кој се изведуваат речиси сите можни комбинации на постоечки третмани на бубрежна нестабилност.
Почнувајќи од :
-класична хемодијализа ;
-перитонеална дијализа;
-аферезни методи.

За **аферезни методи** ги имаат најсовремените модели од последната мода медицински апарати.Разновидната технологија им овозможува разновиден третман на разновидни дијагнози.



Многу интересно да се спомне е:

• Пациентите што прават ПФ немаат адаптиран соодветен васкуларен пристап.Се употребуваат периферните вени (и на раце и на нозе) за вена т.е артерија.

Со **перитонеалната дијализа** неможат многу да се пофалат.

**Хемодијализата** ја изведуваат во простории со по 6 пациенти. Физички се одделени сите пециенти со В и С хепатит ,HIV,MRSA и др.во посебна просторија.

• На пациентите на кои им треба помош за нив се грижат вработени лица транспортери да ги сместат во кревет.

• ЦИВИЛНО ЛИЦЕ НА ОДДЕЛ НЕМА.

• Спремањето апарати го врши сестра со средно стручно образование ,а вклучувањето сестра со висока стручна спрема,(и тоа е спорно затоа што се соочуваат со фактот дека образованието не значи квалитет.)

Апарати кои во моментот се користат:

- Fresenius 5008;
- Gambro AK200 ULTRA s;
- GambroArtis.







Изборот на соли зависи од типот на апаратот ,со тоа што користат пакувања само за една дијализа.Амбалажата од типот 10 lce обидуваат да ја минимализираат.



Се употребуваат стандардни дијализери ,а А  V линии во зависност од апаратот.Во однос на **нашите линии овде мора да се нагласи еден** ИСКЛУЧИТЕЛНО важен додаток.**Оваа завршна кеса.**




**Со неа се добива затворен систем на полнење со што комплетно се елиминираат  сите можности за контаминација.**

Крвните пристапи се стандардни со тоа што имаат поголема фрекфенција на графт.

Кај катетрите и феморални и субклавија и југуларни речиси и не користат хепарин туку citra-lok 30%.

Кога има вакви коагулуми во аспирираната содржина од катетерот се констатира дека се е во ред.





МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.moh.gov.mk

Прошприцувањето на рачвите од катетрите се прави само со 20 ml физиолошки раствор.

Антикоагулацијата ја регулираат почесто со Natrium citrate,а помалку користат хепарин.



Бидејќи користат соли без калциум истиот го надополнуваат со концентиран калциум на посебна пумпа и на секој поминат 1 час од HD земаат крв за контрола на нивото на калциум.






За вклучување  и исклучување користат стерилни сетови подготвени по нивни инструкции.



Стерилизација прават исклучително топлотна.Користат капсули Clin card лимонски и "само и само''ТОПЛОТНА стерилизација.Употребата на dialox ја исфрлиле пред 5-6 год. По добиени сознанија дека е повеќе штетен по здравјето отколку корисен за апаратите(затоа што се има и други опции за стерилизација) воопшто не се користи тој препарат.




Во секоја просторија има количка за ранимација.

Дијализниот отпад се селектира многу внимателно и соодветно.

•Средниот медицински персонал е сериозно едуциран благодарение меѓу другото и на редовните учества и посети на сите европски и светски работилници ,семинари и конгреси за нефролошки сестри.

•Последната недела бев и нем посматрач на сите подготовки на Клиниката за добивање Акредитација за работа.

•Во ехо кабинетот проследив неколку ренални биопсии, и секако на одделот за васкуларни пристапи на креирање на А V фистула како и феморални катетри.

•Морам да кажам  дека и покрај современата  и компјутеризирана конекција помеѓу сите учесници во здравствениот процес сепак и таму сеуште постои обемната администрација со пенкало и хартија.



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

www.moh.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Заклучоци/Научени лекции

Мирисот на свежо инстант кафе од кафематите поставени во холот, секое утро го будат’’слаткото’’ во секој од вработените.
Чистите и светнати ходници и простории ја будат чистотата во душата на секој што влегува.
Современата  и модерна апаратура ти дава чувство дека припаѓаш на современото живеење и лекување.
Добрата организираност и работна дисциплина ти даваат доверба во секој на кого му го доверуваме животот.
Почитувањето на хиерархијата овозможува почит кон другиот и самопочит.
Кога вистината е убава  мора и сликата да е убава,затоа и резултатите и успесите се такви какви што се –за респект.